# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 29 Октомври 2018 година<br>Скопје<br>Бр.15 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за измена и дополнување на одлуката за давање на согласност на Приватниот партнер „Трансмет“ ДОО – Скопје, за продолжување на рокот за изградба на административно деловната зграда и подземниот паркинг простор број 08-1900/8 од 30.05.2018 година ..................................стр.2
2. Одлука за давање на согласност на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за превземање на обврски поврзани со изградбата на општинската зграда ........................................................................стр.5


**Октомври 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на одлуката за давање согласност на Приватниот партнер „Трансмет" ДОО – Скопје за продолжување на рокот за изградбана административно-деловна зграда и подземен паркинг простор**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на одлуката за давање согласност на Приватниот партнер „Трансмет" ДОО – Скопје за продолжување на рокот за изградбана административно-деловна зграда и подземен паркинг простор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 29.10.2018 година.

**Број 09-3916/1**
**Од 29.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и член 13 став 2 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор бр.03-121/19 од 26.06.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 29.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За измена и дополнување на одлуката за давање согласност на Приватниот партнер „Трансмет“ ДОО – Скопје за продолжување на рокот за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на одлуката за давање на согласност на Приватниот партнер „Трансмет“ ДОО – Скопје, за продолжување на рокот за изградба на административно-деловната зграда и подземниот паркинг простор број 08-1900/8 од 30.05.2018 година и тоа на следниот начин:

Во член 1 став 2 алинеја 1 зборот „пет“ се брише, на негово место се додава зборот „седум“, зборовите „31.10.2018 година“ се бришат, а на нивно место се додаваат зборовите „31.05.2019 година“.

**Член 2**

Во членот 2 после зборот „година“ во последната реченица се додаваат зборовите “до 31.10.2018 година“, а зборовите „до важноста на банкарската гаранција“ се бришат.

Во членот 2 се додава нов став кој гласи:

„Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ“ ДОО – Скопје, е согласен Јавниот партнер да продолжи да ја пресметува договорната казна согласно основниот договор до крајниот рок за исполнување на договорот, односно до 31.05.2019 година“.

**Член 3**

Членот 3 се брише и на негово место се додава нов член 3 кој гласи:

„Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ“ ДОО – Скопје, е согласен да му го исплати на Јавниот партнер остатокот од вредноста на банкарската гаранција во износ од 390.000 евра на име договорна казна заклучно до 11.03.2018 година, како и да му исплати износ од 934.000 евра на име договорна казна за непочитување на роковите на анекс договорите сметано од 12.03.2018 година до 31.10.2018 година„.

**Член 4**

По членот 4 се додава нов член 4-а кој гласи:

„Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ“ ДОО – Скопје, е согласен на Јавниот партнер Општина Ѓорче Петров да му ги исплати сите финансиски средства што ќе ги потроши за довршување на инстаслациите, недовршените градежно-занаетски работи, надзорот и други непредвидени работи, како неисполнети обврски од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, со законска затезна камата сметано од денот на испалатата спрема подизведувачите, надзорниот орган и други правни субјекти“.

**Член 5**

Доколку приватниот партнер не склучи анекс-договор согласно условите предвидени во ова Одлука, одлуката нема да произведува никакво правно дејство.

**Член 6**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи анекс-договор кон основниот договор за продолжување на рокот за изградба на административно-деловната зграда, во кој ќе бидаат предвидени сите услови наведени во оваа Одлука.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3863/3**
**Од 29.10.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за превземање на обврски поврзани со изградбата на општинската зграда**

Се објавува Одлуката за овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за превземање на обврски поврзани со изградбата на општинската зграда, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 29.10.2018 година.

**Број 09-3916/2**
**Од 29.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 64 и 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 29.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров**
**за превземање на обврски поврзани со изградбата**
**на општинската зграда**

**Член 1**

Со одлуката се дава овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, да може да превземе дел од обврските на Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, предвидени со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор бр.03-121/19 од 26.06.2013 година.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да може да склучи поединечни договори со подизведувачите претходно ангажирани од Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, за довршување на недовршените градежни работи на инсталациите за водовод, одводна канализација, електрична, противпожарна, за греење и ладење, за информатичка опрема и друг вид на инсталации и нивно тестирање и завршување на недовршените занаетски работи за делот од административната зграда кој треба да припадне на Јавниот партнер Општина Ѓорче Петров.

Договорите со подизведувачите градоначалникот да ги склучи согласно цените кои Приватниот патнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, ги има веќе договорено со подизведувачите.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот да може да склучи договор и со правниот субјект кој врши надзор, согласно цените кои Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, ги има утврдено со договорот за ангажирање на Надзорен орган, за делот од административната зграда кој треба да припадне на Јавниот партнер Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Износот на финансиските средства што Општина Ѓорче Петров како Јавен партнер ќе ги потроши за довршување на инсталациите, недовршените градежно-занаетски работи и надзорот, Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ" ДОО – Скопје, е должен да му ги исплати на Јавниот партнер Општина Ѓорче

Петров, како неисполнети обврски од Договорот за воспоставување на Јавно приватно партнерство, со законска затезна камата сметано од денот на испалатата.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3863/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 29.10.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**